**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

***Одделение за урбанизам, зжс и комунални дејности***

**Број 11-741/4 од 26.09.2025 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) , член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање ЗУП (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 , 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА В5.1ЦРКВА ,,Св.МАРИНА" НА КП бр.1119 И КП бр.1120, м.в.,,Марена", КО ВЕЛМЕВЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Се одобрува Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В5.1-Црква ,,Св.МАРИНА" на КП бр.1119 и КП бр.1120, м.в.,,Марена", КО Велвмевци, Општина Демир Хисар, со тех.бр.У-54/23 од јуни 2025 година, изработена од Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, трговија и услуги ,,БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ Битола.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Инвеститорот Стевче Тошевски, со адреса на ул,,Мара Угринова Гина" број 1/1-3, Кичево, во име на Македонската православна црква преку овластениот полномошник Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, трговија и услуги ,,БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ Битола, со седиште на ул.,,Панде Николов" број 9, Битола, поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-741/1 од 02.07.2025 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В5.1-Црква ,,Св.МАРИНА" на КП бр.1119 и КП бр.1120, м.в.,,Марена", КО Велвмевци, Општина Демир Хисар, изработена од ,,БИРО ЗА УРБАНИЗАМ" ДООЕЛ Битола, правно лице кое поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0092, издадена од Министерство за транспорт и врски на 04.12.2022 година , со важност на неопределено време.

Со барањето ја приложи следната документација:

- **Барање за одобрување** на Проектна програма од јуни 2025 година
- **Проектна програма** со техн.број У-54/23 од јуни 2025 година
- **Услови за планирање на просторот** издадени од АПП со тех.бр. Y45124 од ноември 2024 година

- **Решение за услови за планирање на просторот** со Арх.бр. УП1-15 2210/2024 од 20.12.2024 година издадено од МЖСПП-Сектор за просторно планирање
- **Полномошно** од инвеститор заверено кај нотар Кристина Петреска со бр.УЗП 374/2023 од 26.01.2023год.
- **Имотен лист** бр.117 КО Велмевци за КП 1111 со впишан договор за службеност со кој се обезбедува влез во градежната парцела
- **Имотен лист** бр.257 КО Велмевци за КП 1119 и КП 1120
- **Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога** за КО Велмевци со деловоден број 03-347/3 од 03.01.2023 година, изработен од ДООЕЛ Нова Геодет Битола.
- **Изјава за финансирање** на изработката на урбанистичката документација заверена на нотар со бр.УЗП 373/2023 од 26.01.2023 година
- **Одлука за прифатена иницијатива** за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В5.1-Црква ,,Св.МАРИНА" на КП бр.1119 и КП бр.1120, м.в.,,Марена", КО Велвмевци, Општина Демир Хисар, со бр.11-924/2 од 01.10.2024 година, донесена од комисијата за урбанизам при Општина Демир Хисар.

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 год., по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектна програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) за што согласно член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување со број 11-741/3 од 08.07.2025 година.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и исполнети се условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Изработил: Клара Тодоровска, диа

Klara Todorovska

Digitally signed by Klara Todorovska
Date: 2025.07.10 13:51:36 +02'00'

Општина Демир Хисар
Градоначалник

Никола Најдовски

Nikola Najdovski

Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=246077, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2025-09-26 14:16:20